Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 31, 16 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област анестезиологија на Високата здравствена школа - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област оториноларингологија - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област урологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје инфектологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје трансфузиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник-предавач (специјалист) за наставна област дерматовенерологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 82

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 89

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 99

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област ортопедски болести на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 105

**РЕФЕРАТ** за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 112

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област офтамологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област микробиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 134

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање - предавач во наставно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 148

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област патологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 151

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звања доцент во наставно-научна област микроекономија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 153

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 164

**РЕФЕРАТ** по основ на објавен оглас за избор на двајца соработници за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање ........ 173

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на предметот Јавно здраство и здраствена заштита на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 177

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Основи на сточарското производство“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 182

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Анатомија со физиологија на домашните животни“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 184

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ НА ПРЕДМЕТОТ ЈАВНО ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот по медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на својата 12. редовна седница одржана на 1.7.2009 година, донесе Одлука (2502-67/9) за распишување Конкурс за **еден помлад асистент/асистент** за наставно-научното подрачје **јавно здравство и здравствена заштита.**

На 13.8.2009 година, на 13. седница Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-72/6 и Решение број 2502-72/19, 2502-72/20 и 2502-72/21 за формирање на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент за наставното подрачје јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки во состав:

1. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, вработен во Факултет по медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател;
2. д-р Биљана Ѓорѓеска, вонреден професор, вработена во Факултет по медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член;
3. д-р Зора Узуноска, доцент, вработена во Факултет по медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс за избор на еден соработник - помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 4.7.2009 година, по предметот Јавно здравство и здравствена заштита се пријавија следниве кандидати: м-р Габриела Топузовска, м-р Вера Димитриевска, м-р Верица Ивановска, Марија Николова, Митева Лидија и Благој Ников.

Потребни документи според распишаниот Конкурс:

- пријава;
- диплома за магистерски труд;
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок во оригинал);
- уверение за државјанство.

Од приложените документи на пријавените кандидати, четворица ги имаат доставено комплетно бараните документи според Конкурсот, што може да се види од следниов преглед:

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати

| Документ/ кандидат | Пријава | Диплома | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.М-р Габриела Топузовска | да | има | има | има | има | има |
| 2.М-р Вера Димитриевска | да | има | има | има | има | има |
| 3.М-р Верица Ивановска | да | има | има | има | има | има |
| 4.Марија Николова | да | нема | нема | има | нема | има |
| 5.Митева Лидија | да | нема | има | има | нема | има |
| 6.Благој Ников | да | нема | има | има | нема | има |

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Габриела Топузовска** е родена на 1 јануари 1972 год. во Скопје. Завршува на Филолошки факултет во Скопје, во 1977 година. Професор е по руски и македонски јазик. Магистерски студии по јавно здравство завршува во 2007 година, на Медицински факултет во Скопје.

Во периодот 1991-2000 г. работи како медицинска сестра на хемодијализа, на Универзитетската клиника за нефрологија во Скопје, а од 2000 до 2005 г. работи на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија во Скопје. Во 2008 год. е избрана за едукатор/демонстратор по предметот Јавно здравство, а од октомври 2009 година работи како координатор на тригодишните стручни студии на Медицински факултет во Скопје.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Вера Димитриевска** е родена на 12 март 1975 год. во Скопје. На Филозофскиот факултет во Скопје дипломира во 1997 година, на Катедрата за социјална политика. Магистерски студии по јавно здравство завршува во 2008 година на Медицински факултет во Скопје.

Во периодот 1998-2000 год. работи како координатор на проекти за бегалската криза, за бегалците од Косово, а од 2000 до 2007 год. работи како менаџер на програмата за јавно здравство при мрежната програма во Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (Сорос фондација). Во периодот 2007-2008 год. работи како стручен соработник и менаџер за Република Македонија на проектот „Научна платформа за животни стилови и други детерминанти за обезитас кај децата до 18 години во земјите од Европската унија“. Од 2008 год. работи на долгорочен проект за деинституцијализација на лица со интелектуални пречки во соработка со Институт Отворено општество-Будимпешта.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Верица Ивановска** е родена на 19 март 1973 година во Скопје. Додипломски студии по фармација завршува на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во 1973 г., во периодот 1991-1998 г.. Во период 2001 – 2002 завршува магистерски студии по јавно здравство на Медицински факултет во Глазгов, Велика Британија, како стипендист на Британска влада. Темата на магистерскиот труд е „Прецизност на податоците за инфекција од Clostridium *difficile собрани рутински заради следење на национално ниво во Шкотска“*. Во текот на март 2007 се стекнува со сертификат за истражувачки методи во фармацевтската пракса и употреба на лекови (докторандски модул) на Фармацевтскиот факултет, Институт за социјална фармација во Копенхаген, Данска.

Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и ативно познавање и користење на англиски јазик.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во периодот 1999–2001 г. работи како фармацевт за медицинска хуманитарна помош и меѓународна соработка во Меѓународната здравствена фондација „Проект ХОПЕ“, САД.

Во мај 2001 г. учествува во работилница за усвојување на Стратегијата за лекови на Република Македонија, во организација на Министерството за здравство и СЗО.

Во периодот 2002–2004 г. е технички офицер/истражувач во Светска здравствена организација во Женева, Оддел за есенцијални лекови и здравствена политика и стандарди, а потоа од 2004–2007 г. е стручен соработник на Светска здравствена организација во Женева и продолжува да работи на истите проекти.

Во период 2004–2005 г. е Фармацевтски консултант на Партнерство за здравје - Швајцарија, работи на Регионалната програма за борба против ХИВ/СИДА, а од 2007–2009 г. работи како фармацевт и во Меѓунардната организација „Лекари без граници“ во Шпанија.

Во текот на јануари 2009 г. учествува во Работилница за фармацевтска грижа (континуирана едукација), во организација на Фармацевтскиот факултет во Скопје и Фармацевтската комора на Македонија, за што добива и сертификат.

Во периодот 2008 – 2009 г. е предавач на додипломски и постдипломски студии од областа на есенцијални лекови, патенти во фармацевтската индустрија и пристап до лекови на Универзитетот во Барселона и Мадрид.

**Краток осврт кон приложените објавени трудови**

Еваулација на трудот „Употреба на лекови во примарна здравствена заштита во земјите во развој и во транзиција (1990 - 2006)“ Публикација на Светска здравствена организација, 2009 г.

Во воведот кандидатката истакнува дека рационалната употреба на лекови значи дека пациентите примаат терапија соодветна на нивните клинички потреби, во соодветни дози, за адекватен временски период и со најниска цена за нив и нивната заедница.

Кандидатката м-р Верица Ивановска потенцира дека целта на студијата е да се добие општа слика за употребата на лекови на глобално ниво. Во публикацијата ги анализира податоците од студиите за употребата на лекови и при тоа ги дава трендовите на промена во употребата на лекови за период од 25 години (1990 – 2006).

Добиените резултати се базираат на 679 студии, кои се направени во 97 земји во развој или во транзиција. Поголемиот дел од студиите се направени во здравствени домови и амбуланти во склоп на болничка заштита, а само 15% се направени во аптеките.

Добиените промени (трендови) во однос на употребата на лекови во периодот од 25 години се различни, но според анализите на опфатените региони, помалку од половината пациенти се лечени според стандардните терапевтски упатства.

Во заклучокот, кандидатката нагласува дека нерационалната употреба на лекови продолжува да биде широко распространет проблем во земјите во развој и во транзиција. Според студиите на СЗО направени меѓу 1990 и 2006 година, утврдени се мали подобрувања и тоа во однос на користењето есенцијални лекови, препишување по генерички имиња и третманот на дијареа.

Еваулација на трудот „Дали скратувањето на тренинг за интегриран менаџмент за детските заболувања ја намалува неговата ефикасност?“ Систематски преглед.

Во воведот кандидатката потенцира дека со цел да се намали смртноста кај децата и да се подобри детскиот развој во земјите во развој, Светската здравствена организација и УНИЦЕФ ја промовираа стратегијата за интегриран менаџмент за детски заболувања.

Повеќе од 70 земји веќе ја имплементираат оваа стратегија и направените студии покажуваат подобрување во однос на квалитетот на здравствената заштита во здравствените установи и намалување на смртноста кај децата. За да се подобри квалитетот на здравствената заштита во здравствените установи се користат терапевтски препораки

базирани на докази за лекување на главните причинители за детска смртност (пневмонија, дијареа, маларија, неухранетост и сипаници). СЗО препорачува имплеметирање на овие терапевтски препораки со 11-дневен тренинг на работното место за здравствените работници, повторна посета на здравствените установи од страна на предавачите еден месец по тренингот за да се утврдат новите вештини и користење на помошни средства (пишувани потсетници за дијагностицирање, утврдување на заболувањето и негов третман).

Целта на оваа студија е да се направи систематски преглед на литературата за да се спореди ефикасноста на стратегијата за интегриран менаџмент за детски заболувања меѓу 11-дневниот тренинг и неговата пократка верзија (5-10 дена).

Анализирани се студии кои квантитативно ја опишуваат ефективноста на интегрираниот менаџмент за детски заболувања во средно развиените и неразвиените земји објавени меѓу 1990 и 2006 година. Ефикасноста се базира на перформансот на здравствените работници (дијагноза и третман на детските заболувања) и знаењето на пациентите/родителите за точното дозирање на лековите дома. Еден од главните параметри е процентот на пациенти кои треба да добијат орален антибиотик или рехидрирање според терапевтските препораки. Ефикасноста се пресметува според разликите во постигнатите резултати пред и по тренингот на двете групи. Во анализата се користени 31 студија.

Во заклучокот кандидатката нагласува дека стандардниот тренинг за интегриран менаџмент за детски заболувања покажува одредена поголема ефикасност во однос на скратената верзија, иако со постоечките податоци големината на таа разлика не била точно утврдена.

Кандидатките м-р Габриела Топузовска и м-р Вера Димитриевска немаат додипломски студии од областа на медицината, што е основен предуслов за наставно-научното подрачје за кое конкурираат.

Пријавените кандидати Николова Марија, дипломиран психолог, Митева Лидија, доктор по медицина, и Ѓорѓи Ников, доктор стоматолог, немаат диплома за магистер, поради што не се земаат предвид при разгледувањето на можни кандидати за прием како соработници.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид научноистражувачката и стручната работа на кандидатката м-р Верица Ивановска, Комисијата смета дека таа има постигнато значајни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Досегашното работно искуство на кандидатката м-р Верица Ивановска дава можност за успешно изведување на наставниот процес во делот на реализација на вежби од областа на јавното здравство и фармацијата.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Рецензентската комисија дава предлог до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ да ја избере **кандидатката м-р Верица Ивановска во асистент во областа на јавното здравство и фармацијата, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Рецензенска комисија**

**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член, с.р.**
**Доц. д-р Зора Узуноска, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Верица Ивановска**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| Одржани предавања на постдипломски студии | 1 | 6 | 6 |
| **Научноистражувачка** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Учесник во научен проект (максимум три проекта) | 3 | 3 | 9 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| Труд во стручно списание | 2 | 6 | 12 |
| Учесник во научен проект | 1 | 8 | 8 |
| ВКУПНО: | | | **47** |